# Извадоци од седници на Советот за БЗР за веб страна на МЕТ

***За Седница на 24.12.2024 год.***

Советот донесе заклучок дека е потребна ревизија на сите подзаконски акти од областа на безбедност и здравје при работа. Потребно е да се видат предлог законските решенија по одредени прашања во новиот предлог Закон за БЗР. Потоа треба да се формираат работни групи за подготовка на правилниците, уредбите и други подзаконски акти.

Членовите на Советот за БЗР да доставаат преглед на активностите согласно Акцискиот план за БЗР за период од 2024-2025 година, најдоцна до крајот на месец февруари.

На наредната седница да се покани Националниот координатор на МОТ, г-дин Емил Крстаноски за презентација на проектните активности и улогата на Советот за БЗР во истите.

Советот донесе Одлука за избор на Секретар на Советот, да биде Ленче Коцевска, член на Советот именуван од Владата на Република Северна Македонија, - Државен советник за креирање и развој на политики од областа на трудот во Министерство за економија и труд.

Членовите на Советот заклучија дека е потребно:

-Формирање на Сектор за безбедност при работа со вработување на нови лица во Министерството за економија и труд,

- Обезбедување буџет за Советот за БЗР за реализација на активности,

-Зајакнување на улогата на Советот преку одржување на обуки, работилници, средби, јавни дебати и сл.

-Подобрување на меѓусебната соработка и информираност на членовите на Советот при реализација на активности на сите чинители во областа (работодавачи, факултети, синдикати, здруженија...)

-Назначување на контакт точка (focal point) на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) од Билбао од МЕТ

-Нов Закон за БЗР,

-Ревизија на подзаконските акти, уредби и сл. во областа на БЗР, согласно законските решенија преку формирање на работни групи,

-Префрлување на содржината на веб страната на МСПДМ, за делот труд и Совет за БЗР на веб страната на МЕТ,

-Објавување на Јавен повик за аплицирање на компаниите за Националната награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР 2025,

-Формирање на Комисија за спроведување на стручен испит за БЗР, за писмено полагање на кандидатите за стручен испит за БЗР, како преодно решение за надминување на состојбата за неможност за електронско полагање,

-Формирање на Комисија за ревизија на одржани стручни испити за БЗР.

***За Седница на 24.3.2025 год.***

Емил Крстаноски како како Национален координатор на МОТ го презентираше Проектот „Кон безбедна и здрава работна средина во Македонија“кој треба да почне на 1 мај 2025 година со времетраење од три и пол години. Овој проект е на Меѓународната организација на трудот, финансиран од Европската Унија со главна цел да придонесе да се реализира, во закон и практика основното право на безбедна и здрава работна средина за сите работници во Македонија. Проектот треба да придонесе за градење на капацитетот на институциите и организациите, Државниот инспекторат за труд, Министерството за економија и труд, Националниот совет за безбедност и здравје при работа, институциите поврзани со безбедност при работа, работодавачите и синдикатите. Проектот ќе има стратешки интервенции за промена на правната рамка, промена во организациони практики што треба да доведе до намалување на бројот на професионални несреќи, повреди и болести. На седницата беше дискутирано за активностите на Советот за БЗР во рамките на проектот.

Маја Папатолевска-Помошник раководител на Сектор труд во Министерството за економија и труд е контакт лице за Европската агенција за БЗР - EU OSHA. Таа истакна дека во април 2025 година во Болоња, Италија ќе се одржи Регионална конференција за безбедност при работа за „Fokal Pont“ на тема „Превенција на ризици при работа“. На конференцијата треба да присуствуваат три експерти од областа на безбедност при работа. Претседателката предложи да се даде информација до членовите на Советот за учество на Регионалната конференција во Италија.

Во однос за одбележување на Светскиот ден за БЗР, 28-ми Април, Советот заклучи Организација на работодавачи да даде предлог како да се одбележи 28-ми Април (со организирање на работилници за безбедност при работа или посета на фирмите: „Алкалоид“, Цементарница „Усје“, „Лидл Маркет“ и др).

Членовите на Советот заклучија да се објави Јавен повик за учество во изборот за доделување на Национална награда на компанија со најдобро имплементиран систем за БЗРза 2025 година. Јавниот повик да се објави на веб-страната на Министерството за економија и труд. Апликацијата треба да заврши до крајот на мај и во јуни да се формира Комисија од членовите од Советот која треба да ги посетат фирмите кои ќе учествуваат на јавниот повик. Оценувањето ќе биде извршено од страна на независни комисии составени од експерти во областа, стручни лица за безбедност при работа и лекари-специјалисти по медицина на трудот. Наградите за Национална награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР ќе се доделуваат во рамки на одбележувањето на „Европската недела за безбедност и здравје при работа“, во октомври 2025 година.

***За Седница на 11.09.2025 год.***

На седницата беа присутни: Жолт Дудаш од МОТ, Милан Петковски, проект координатор на проектот: Кон безбедна и здрава работна средина во РСМ, и Кристина Богеска, претставник од МОТ.

За Потпретседател на Советот е избрана Даниела Китанова како претставник од Организацијата на работодавачи на Македонија за втормандат од четири години.

Советот донесе Заклучок, препораките за организација на обуките за континуирано усовршување на стручните лица за безбедност при работа со кои би се подигнало нивото на стручност на обуките, изготвени од Советот за БЗР, да се прикачат на веб страната на Министерството за економија и труд.

Покрај тоа, Советот заклучи дека до 19 септември 2025 година потребно е сите здруженија за безбедност при работа, Државен инспекторат за труд, Сојузот на синдикати на Македонија и сите релевантни институции, да достават информации за реализирани/нереализирани активности кои треба да се внесат во Акцискиот план за БЗР за 2024-2025 година. Прегледот на АП ќе претставува добра основа за креирање на АП за наредниот период.

Комисијата за оценка на компаниите кои аплицирале за Националната награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР за 2025 година, ќе работи во состав: Јасмина Чалоска, Даниела Китанова и Сашо Столески, со можност за замена од редот на членовите на Советот.

Советот донесе Заклучок дека е потребно да се направи промена во начинот на полагање на стручниот испит за безбедност при работа (поради повеќегодишен застој на испитот), како би можеле да полагаат веќе пријавените кандидати.

***За Седница на 15.12.2025 год.***

Советот донесе Заклучок да се формира работна група која ќе достави Допис до Влада на Република Северна Македонија и до Секретаријат за законодавство, со сите забелешки по донесените правилници. Понатамошните постапки за промена на правни акти од областа мора да се водат со учество на Советот, чија основна задача согласно Законот за БЗР е давање на мислење и препораки, како и стручни основи во изработка на закони и други прописи во областа на безбедност и здравје при работа.

Покрај тоа се заклучи дека мора да се забрза постапка за донесување на нов Закон за безбедност и здравје при работа, бидејќи со постоечкиот закон има сериозни проблеми при негово имплементирање во пракса.

Советот донесе Заклучок да се достави Информација до Владата на Република Северна Македонија за донесување на Решение за именување на новите членови на Совет за безбедност и здравје при работа, врз основа на веќе доставените и комплетни номинации за предлог членови на Советот.

Неопходно е министерството да достави Допис до Влада на Република Северна Македонија, да се најде начин и интензивира постапката за отпочнување на реализација на стручниот испит за безбедност при работа, поради многу пристигнати пријави за полагање и дефицит на кадри на пазарот на труд, од профилот на стручно лице за безбедност при работа.

***За Седница на 10.02.2026 год.***

Советот го усвои Извештајот за реализација и остварени резултати согласно Акцискиот план за безбедност и здравје при работа 2024-2025 со заклучок да се објави на веб страната на Министерство за економија и труд.

Членовите на Советот заклучија да се достави барање до Влада на РСМ со Записник од седница на Советот одржана на 10.02.2026 година со цел да се изнајде преодно решение за полагање на стручен испит за безбедност при работа, бидејќи 70 кандидати чекаат со задоволени критериуми и позитивни решенија за полагање на стручниот испит за безбедност при работа.

Советот донесе заклучок да достави барање до Влада на РСМ со предлог за измена на донесените правилници и да се формира работна група за измена на донесените правилници.

До Кабинетот на Министерот да се достави Предлог за измена на член 13 став (2) од Правилникот за условите за вработени, организација, технички и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење стручни работи и за овластувања на правно или физичко лице за извршување на сите стручни работи за безбедност при работа, при што треба да има најмалку три стручни лица од соодветен профил согласно овластувањето, и тоа еден вработен со полно работно време и двајца вработени со не помалку од половина работно време

Советот донесе Заклучок Јавниот повик за учество во изборот за доделување на Национална награда на компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР за 2026 година кој ќе трае од 15.02.2026-15.04.2026 година да се објави на веб-страната на Министерството за економија и труд.

Претставникот од Македонското здружение за медицина на трудот до крајот на март да даде информација до членовите на Советот, за предлог начинот на одбележување на Светскиот ден за БЗР.

Советот донесе заклучок дека е потребно да биде континуирано информиран за сите активности на EU OSHA, особено за одржување на разни online работилници и вебинари на кои можат да учествуваат заинтересирани членови на Советот.